Тел. +389 2/ 2532 241
e-mail: tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 826/20**
Дата: **13/01/2020**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **03/02/2020**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 3+3

[X] ПОНУДА

[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани Господа,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за вршење на редовни и периодични технички испитувања на електро енергетска опрема и инсталации во ОКТА во период од 3 години, согласно спецификацијата која ќе Ви биде доставена по Ваша потврда за учество во тендерот.

**Со најповолниот Понудувач ќе се склучи Договор за реализирање на бараните услуги во следните 3 години.**

**Напомена:**
Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на тендерот на е-маил адресите:

tveljanovski@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr

најдоцна до 20.01.2020 год. со цел да Ви ја доставиме потребната Спецификација за учество на тендерот.

На понудувачите кои не ги исполниле условите од техничката понуда нема да им се отвора ковертот од Финансиската понуда односно истата ќе им биде вратена назад.

Понудувачите пред да ги достават понудите пожелно е да направат увид на лице место.

**Лице за контакт во ОКТА:** Крстевски Кире моб.тел.075-297-068.

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 826/20"**

(наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- едниот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот, а
- вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 03.02.2020год.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

**Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

1. Сертификат за акредитација со кој се потврдува дека ги исполнуваат барањата од стандардот „МКС EN ISO/IEC 17020:2012" Тип А за дејностите кои се опишани во прилогот на сертификатот;
2. Кон сертификатот да се приложи и прилогот, кој е составен дел од сертификатот за акредитација, од кој ќе може да се види описот на опсегот на акредитација;

Согласно со законот за техничка инспекција (СВ 88/2008 и сите негови измени) и Правилникот за користење на електроенергетски постројки и електрична опрема (СВ 140/2010 и сите негови измени) да ги доставите и следните решенија:

3. Решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на електроенергетски постројки;
4. Решение за исполнетост на условите за вршење на технички преглед пред ставање во употреба, редовно периодично испитување и вонреден технички преглед на електроенергетска опрема;
5. Релевантна референтна листа за извршени услуги од иста или слична природа во последните три години;
6. Изјава дека ги поседувате сите неопходни ресурси потребни за извршување на предметната работа;
7. Изјава за доставување на извештаи согласно рокот определен со закон.

**Напомена:**
Инспекциските тела треба да поседуваат сертификати за калибрација на сите инструменти кои ги користат при вршење на техничките прегледи (Треба да ги доставуваат како дел од Техничките извештаи за извршени технички прегледи на опремата и инсталациите).

**Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достави:**

1. Понуда која треба да ја содржи Спецификацијата дадена како прилог кон ова Барање, со пополнети единечни цени изразени во ДЕНАРИ без ДДВ (понуди во друга валута нема да се разгледуваат);

**Напомена:**

*Ставките во спецификацијата кои се означени со иста боја се неделиви*

**Завршни одредби:**

- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешиот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обрска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).

Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање понуда, а доколку не учествувате на тендерот, Ве молиме да не известите на е-маил адресите:

tveljanovski@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr

Менаџер на Набавка,
Александар Димитриевски